Точка на дневен ред: **6**
Предлагач: **Надзорен одбор**

## Материјал за Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

# Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена за работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година

Надзорниот одбор му предлага на Собранието на акционери да го усвои следниот:

**Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена за работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година**

Во прилог:

- Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена за работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година;
- Предлог-одлука за одобрување на Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена за работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор.

Скопје, мај 2026 година

**Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година**

Согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување на НБРСМ, Надзорниот одбор доставува годишен извештај за своето работење до Собранието на Банката, а согласно член 39 од Статутот, Собранието го одобрува Извештајот за работата на Надзорниот одбор и ја одобрува работата на сите членови на Надзорниот одбор, поединечно.

Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје е самостоен и независен орган којшто ги врши сите свои активности во согласност со законските прописи, Статутот и Кодексот за корпоративно управување на Банката.

Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје врши надзор врз работењето на Управниот одбор, ги одобрува политиките за вршење на финансиски активности и го надгледува нивното спроведување. Надзорниот одбор е одговорен да обезбеди добро работење, управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на Република Северна Македонија.

## I. Структура на Надзорен одбор (состав на Надзорниот одбор)

Во 2025 година, Надзорниот одбор на Банката работеше во состав од шест члена и тоа:

- Блаж Бродњак – Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје до 16.03.2025
- Хедвика Усеник - Претседател на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје од 17.03.2025
- Боштјан Ковач – Заменик претседател на Надзорен одбор до 12.09.2025
- Алеш Ипавец - Заменик претседател на Надзорен одбор од 13.09.2025
- Зоран Јовановски -Втор заменик претседател на Надзорен одбор и Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје
- Кристина Ковачич Бјелајац- Член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје
- Андреја Стражишар – Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје
- Наташа Пукл – Независен член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка Скопје

Членовите на Надзорниот одбор на Банката ги избира Собранието со мнозинство гласови од акциите со право на глас. Согласно Законот за банките и Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, најмалку една четвртина од членовите на Надзорниот одбор задолжително мора да бидат независни членови.

Во таа насока, двајца од членовите на Надзорниот одбор на НЛБ Банка, чиј состав брои шест члена, се независни членови.

Независноста на двајцата членови на Надзорниот одбор на Банката е утврдена согласно критериумите за независност определени во Законот за банките, а нивното исполнување и почитување, Банката го контролираше континуирано во текот на годината.

Мандатот на членовите на Надзорен одбор трае 4 (четири) години, со тоа што секоја година, годишното Собрание одлучува за одобрување на работата на секој од членовите одделно.

**Промени во состав на Надзорниот одбор во 2025 година**

Во текот на 2025 година настанати се неколку промени во составот на Надзорниот одбор на Банката.

Имено :

- На ден 17.03.2025 година, издадена е согласност од страна на НБРСМ за именување на Хедвика Усеник за Член на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје на местото на г-дин Блаж Бродњак, Претседател на Надзорен одбор кој на 10.10.2024 година поднесе оставка од функцијата Претседател на Надзорен одбор на НЛБ Банка АД Скопје. Согласноста за именување беше издадена со важност до 30.08.2025 година, односно за период од остатокот на мандатот на Г-дин Блаж Бродњак.

- Поради истекот на мандатот од функцијата Член на Надзорен одбор на г-дин Боштјан Ковач на ден 12.09.2025 година, од акционерот НЛБ д.д. Љубљана беше даден предлог за именување на г-дин Алеш Ипавец за нов член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје.

  Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на 29.05.2025 година, усвои Одлука за именување на г-дин Алеш Ипавец за член на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје. На ден 01.09.2025 година од страна на Народната Банка на Република Северна Македонија е издадено Решение со кое се издава претходна согласност г-дин Алеш Ипавец да биде именуван за член на Надзорниот Одбор на НЛБ Банка АД Скопје, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 13.09.2025 година.

- Поради истекот на мандатот на Г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, Г-ѓа Хедвика Усеник и Г-ѓа Андреја Стражишар, во текот на 2025 година беше започната постапка за нивно повторно именување за членови на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје. Собранието на акционери на НЛБ Банка АД Скопје на својата седница одржана на 29.05.2025 година, усвои Одлуки за нивно повторно именување за членови на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје. На ден 21.08.2025 година, Народната Банка на РСМ издаде Решенија со кои се издава претходна согласност за повторно именување на г-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац, г-ѓа Хедвика Усеник и г-ѓа Андреја Стражишар за членови на Надзорниот одбор, со мандат од 4 (четири) години, сметано од 31.08.2025 година.

## II. Седници на Надзорниот одбор и редовност на секој член на седниците на Надзорниот одбор

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор одржа вкупно 16 седници кои се одржаа во деловните простории на Банката или со користење на аудио и визуелна комуникациска опрема и преку дигитален канал Microsoft Teams. Осум седници се одржаа на кореспондентски начин, четири се одржаа како вонредни седници, а останатите четири седници беа редовни седници.

Надзорниот одбор на сите свои седници одлучуваше согласно Статутот и Деловникот за работа.

Во работата на Надзорниот одбор континуирано учествуваа сите членови и сите членови придонесоа кон успешно извршената работа на Надзорниот одбор.

Во текот на 2025 година, Надзорниот одбор ги одржа следните седници:

- 141 – та (видеоконференциска) седница одржана на 29.01.2025 година во присуство на сите членови на Надзорен одбор.
- 142-та (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на 04.02.2025 година.

- 143-та (вонредна) седница одржана на 21.02.2025 година во присуство на сите членови на Надзорниот одбор.
- 144-та (кореспондентска) седница - успешно звршена, со обезбедена согласност со одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на 04.03.2025 година..
- 145-та (вонредна) седница одржана на 20.03.2025, во присуство на сите членови на Надзорниот одбор. На точките 2.7, 2.9, 2.9, 2.10, 2.11, сегмент 3, сегмент 4, сегмент 5, сегмент 6 и сегмент 7 седницата се одвиваше во отсуство на Г-ѓа Наташа Пукл.
- 146-та (видеоконференциска) седница одржана на 24.04.2025 во присуство на сите членови на Надзорниот одбор.
- 147-ма (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на 02.06.2025 година.
- 148-ма (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на 24.06.2025 година.
- 149-та (видеоконференциска) седница одржана на 24.07.2025 година, во присуство на сите членови на Надзорниот одбор.
- 150-та (вонредна) седница одржана на 01.08.2025 година, на којашто Ѓ-ѓа Кристина Ковачич Бјелајац и Г-ѓа Андреја Стражишар беа отсутни.
- 151-ва (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност со одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на на 22.08.2025 година.
- 152-та (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на на 18.09.2025 година.
- 153-та (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на на 22.09.2025 година.
- 154-та (видеоконференциска) седница одржана на 22.10.2025 во присуство на сите членови на Надзорниот одбор.
- 155-та (кореспондентска) седница успешно звршена со обезбедена согласност на одлуките од страна на Претседателот и сите членови на Надзорниот одбор на 04.11.2025 година.
- 156-та (вонредна) седница одржана на 18.12.2025 година, на која Г-ѓа Наташа Пукл е отсутна.

## III. Начин на извршување на надлежностите (Работа на Надзорниот одбор)

Надзорниот одбор во 2025 година одговорно ги вршеше своите активности во насока кон обезбедување на добро работење и управување и стабилност на Банката, како и навремено и точно финансиско известување на Народната банка на РСМ и Македонската берза, а согласно усвоениот Календар на настани. Надзорниот одбор, особено ги насочи своите активности и работење кон продолжување на профитабилното работење на Банката и задржување на водечката позиција на Банката во Банкарскиот сектор во Република Северна Македонија.

Во функција на редовно информирање за работењето на Банката, за секоја седница на Надзорниот одбор беше подготвуван дневен ред и записник од претходната седница.

За да обезбеди стабилно финансиско работење, Надзорниот одбор разгледуваше адекватни финансиски податоци и анализи кои вклучуваа компаративни финансиски извештаи и соодветни финансиски индикатори, како Извештај за работењето на НЛБ Банка АД Скопје и Извештајот на Одборот за управување со ризици кои се разгледуваа на секоја редовна квартална седница на одборот.
Надзорниот одбор постојано проверуваше дали Управниот одбор ги исполнува поставените цели, дали приходите се резултат на спроведување на планираните стратегии, дали приходот бележи пораст, дали Банката располага со доволно капитал итн. Надзорниот одбор постојано преку информацијата која ја доставуваше Управниот одбор ја следеше адекватноста на капиталот на Банката.

Согласно насоките од областа на корпоративното управување на НЛБ Групацијата, препораките од супервизијата на НБРСМ и Законот за банки на РСМ, Надзорниот одбор еднаш квартално ги разгледуваше:

- Извештајот за работењето на Одборот за ревизија;
- Извештајот за работењето на Внатрешна ревизија;
- Извештаи на Усогласување со прописите и интегритет;
- Извештај за трансакции со поврзани лица со Банката;
- Стандардизиран извештај за управување со ризици;
- Извештај за износот и видот на преземени средства, преземени активности за нивна продажба и статус на реализирање на плановите на продажба;
- Извештај за предвремено разорочени депозити и др.

Согласно член 89 од Законот за банки на РСМ, Надзорниот одбор ги разгледуваше и одобруваше одлуките за изложеност кон поединечно лице од над 20% од сопствените средства на Банката, како и одлуките за одобрување на трансакции со поврзани лица со Банката во износ над 6.000.000 денари. Надзорниот одбор ги разгледа и извештаите од контролите извршени во Банката од соодветните институции, како и согласно препораките од НБРСМ, Надзорниот одбор го разгледуваше и извештајот за задоволството на клиентите од работењето на Банката, на полугодишна основа.

Надзорниот одбор ги разгледуваше Информациите и Записниците од извршените контроли од регулаторните тела и тоа:

- Информација за ревизорски преглед Трезорско работење;
- Информација за Извештај од извршен делумен теренски надзор од Канцеларија за супервизија на информативни системи на НБРСМ;
- Информација за Извештај од Дирекција за заштита на потрошувачи и финансиска едукација на НБРСМ од вонтеренско следење со утврден прекршок;
- Информација за Записник од извршена контрола спроведена од Македонска берза на хартии од вредност АД Скопје;
- Информација за Записник од извршена контрола спроведена од Централен депозитар на хартии од вредност АД Скопје;
- Информација за остварен инспекциски надзор од областа на работните односи во рамки на Деловниот сектор за управување со продажна мрежа на НЛБ Банка АД Скопје (Експозитура Ресен);
- Информација за Записник од извршена непосредната теренска контрола на системот за управување со ризикот од несоодветност на информативните системи, спроведена од Канцеларија за супервизија на информативни системи ( бр. 23-14722/2 од 28.04.2025 година);
- Информација за Записник за спроведување на постапка за порамнување со Управа за финансиско разузнавање Бр. 11-42/5 (25) од 20.05.2025 година;
- Информација за спроведен вонреден инспекциски надзор во експозитура Виница од страна на Државен инспекторат за труд, а во врска со Законот за безбедност и здравје при работа и Закон за инспекциски надзор;
- Информација за спроведен инспекциски надзор од страна на Државен инспекторат за труд, а по пријава за повреда на работно место;
- Информација за Записник од непосредна теренска контрола на работењето на НЛБ Банка АД Скопје спроведена од Дирекција за теренска супервизија (НБД бр.17- 25523/1 од 23.07.2025 година).

Надзорниот одбор ги ревидираше и усвои следните акти:

- Политика за управување со капитал и адекватност на капиталот на НЛБ Банка АД Скопје- (верзија 13.0, редовно годишно ажурирање и промена во капитални барања);
- Политика за мерење и известување на оперативниот јаглероден отпечаток на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 1.3, редовно годишно ажурирање);
- Политика за прекугранични трансакции (cross border) во НЛБ д.д. и НЛБ Групацијата (верзија 7.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Политика за одобрување пласмани на нефинансиски друштва во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 16.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Политика за одобрување на пласмани за специфични сегменти на клиенти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 9.0, усогласувње со НЛБ д.д);
- Политика за поврзани лица и лимити на изложеност на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 5.0, редовно годишно ажурирање);
- Методологија за утврдување на интерен капитал на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 8.0, редовно годишно ажурирање);
- Стандард за култура на ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 5.0, редовно годишно ажурирање);
- Методологија за утврдување на профилот на ризичност на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 7.0, редовно годишно ажурирање);
- Политика за управување со ликвидносен ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Политика за управување со ризикот од друга договорна страна на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 4.0, редовно годишно ажурирање);
- Политика за управување со валутен ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 7.0, редовно годишно ажурирање);
- Политика за инструменти на обезбедување на побарувањата на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 12.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Стратегијата за управување со ризикот од промена на каматните стапки во портфолиото на банкарски активности на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 1.0, барање од НЛБ д.д);
- Стратегија за инвестирање на НЛБ Банка АД Скопје: План за инвестирање во портфолио на ХВ - дефинирање и следење (верзија 1.0, барање од НЛБ д.д);
- Политика за спречување на перење пари и финансирање на тероризам- (верзија 6.0, усогласување со локална регулатива и усогласување со НЛБ д.д);
- Политика за прифатливост на работење со клиенти си висок ризик и ризичен апетит во однос на ППФТ во НЛБ Банка АД скопје (верзија 3.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Политика за работење со девизни средства (верзија 17.0, редовно годишно ревидирање)
- Политика за тргување со финансиски деривативи (верзија 17.0, редовно годишно ревидирање);
- Стратегија за работење со финансиски инструменти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10.0, редовно годишно ревидирање);
- Рамковна политика за еколошки и социјални аспекти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 9.0, по барање на НЛБ д.д);
- Политика за спонзорства и донации (верзија 1.0, усогласување со НЛБ д.д);
- Апетит за ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 9.0 редовно годишно ревидирање);
- Стратегија за управување со ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 8.0 редовно годишно ревидирање);
- Политика за управување со каматен ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 21.0 редовно годишно ревидирање, по барање на НЛБ д.д);
- Политика за управување со оперативни ризици НЛБ Банка АД Скопје (верзија 8.0,редовно годишно ревидирање);
- Политика за пресметка на индивидуални и групни исправки на вредност и резервации за кредитен ризик во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 8.0,редовно годишно ревидирање);
- Извештај за ПИК (верзија 6.0, редовно годишно ревидирање);

- Извештај за ПИЛ (верзија 6.0,редовно годишно ревидирање);
- Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10.0, по барање на НЛБ д.д);
- Политика за објавување на извештаи и податоци на интернет страницата на НЛБ Банка (верзија 1.0, усогласување со локална регулатива);
- Политика за управување со каматен ризик и ризик од кредитен распон на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 22.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Апетит за ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10.0, годишно ревидирање);
- Политика за прекугранични трансакции (cross border) во НЛБ д.д. и НЛБ Групацијата (верзија 8.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за лимити во сегментот финансиски пазари во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 2.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со кредитен ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 20.0, усогласување со локална регулатива);
- Политика за одобрување кредити на физички лица и микро претпријатија (Retail сегменти) во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 4.0, по барање на НЛБ д.д.);
- ИТ Стратегија за 2025-2030Политика за одобрување на пласмани на нефинансиски друштва во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 17.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за одобрување на пласмани за специфични сегменти на клиенти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10,0 по барање на НЛБ д.д.);
- Рамковна Политика за еколошки и социјални аспекти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 10.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за воведување на нов продукт и значајни измени на постојните продукти во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 4.0, усогласување со НЛБ д.д.);
- Политика за управување со деловниот континуитет во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 3.0), по барање на НЛБ д.д.;
- Стратегија за Дигитална Оперативна Отпорност и Стратегија за Ризик од користење на ИТ Услуга Од Надворешно Лице (верзија 1.0), барање на НЛБ д.д. – Александар Чорбески;
- Политика за информативна сигурност, (верзија 14,0 по барање на НЛБ д.д. и усогласување со локална регулатива);
- План за опоравување на НЛБ Банка АД Скопје 2025;
- Политика за управување со стратегиски ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 7.0, редовно годишно ревидирање);
- Политика за управување со репутациски ризик на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 7.0, редовно годишно ревидирање);
- Политика за управување со каматен ризик и ризик од кредитен распон на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 23.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со оперативни ризици НЛБ Банка АД Скопје (верзија 9.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со ризик од ИКТ даватели на услуги од трета страна на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 1.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со ИКТ ризици на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 1.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со ИКТ средства во НЛБ Банка АД Скопје, (верзија 1.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за употреба на вештачка интелигенција на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 2.0, по барање на НЛБ д.д.);
- Политика за управување со правни ризици на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 12.0, редовно годишно ревидирање);
- Политика за наградување на вработените во НЛБ Банка АД Скопје (верзија 4.0, барање на НЛБ д.д.);
- Кодекс за корпоративно управување на НЛБ Банка АД Скопје (верзија 11. усогласување со Статутот);

Согласно член 89 од Законот за банки на РСМ и согласно член 56 од Статутот на НЛБ Банка, Надзорниот одбор на годишно ниво, ги разгледа и прифати:

- Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор за 2024 година со вклучена оценка на неговата работа;
- Годишниот извештај за работењето на Одборот за ревизија за 2024 година, со вклучена оценка на неговата работа;
- Годишниот извештај за работењето на Одборот за управување со ризици за 2024 година, со вклучена оценка на неговата работа;
- Годишниот извештај за работење на Внатрешна ревизија за 2024 година;
- Годишниот извештај за работење на Кредитен одбор за 2024 година;
- Годишниот извештај за работењето на Управниот одбор за 2024 година и др.

Надзорниот одбор до Годишното собрание на Банката одржано на ден 29.5.2025 година даде писмени мислења кон Годишниот извештај за работењето на Банката и за Извештајот на друштвото за ревизија КПМГ РЕВИЗИЈА ДОО Скопје за извршена ревизија на финансиските извештаи на НЛБ Банка АД Скопје, изготвени во согласност со локалната регулатива и во согласност со Меѓународните стандарди за финансиско известување за 2024 година.

## IV. Помошни тела на Надзорниот одбор :

### Одбор за наградување и Одбор за именување

Во текот на 2025 година Одборот за наградување и Одборот за именување на Надзорниот одбор континуирано му помагаа при спроведувањето на дел од неговите надлежности поврзани со воспоставувањето и спроведувањето на Политиката за наградување и Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор преку донесување на предлог - одлуки за наградување на членовите на Управниот одбор, останатите Лица со посебни права и одговорности и на вработените во Банката, врз основа на анализа на работењето и остварувањата на Банката и утврдување на износот на средствата за таа намена.

Одборот за наградување и Одборот за именување му помагаа на Надзорниот одбор и преку донесување на Предлог-одлуки за именување на членови на Надзорен одбор, Управен одбор, Одбор за ревизија и Одбор за управување со ризиците, како и на лицата кои извршуваат контролна функција.

Во согласност со Политиката за наградување на Банката, Одборот за наградување му предложи на Надзорниот одбор да ги усвои KPIs за Управниот одбор, како и за раководниот кадар надлежен за контролните функции во Банката.

Согласно Политиката за начинот на избор, следење на работењето и разрешување на членовите на Надзорниот одбор, Одборот за управување со ризици, Одборот за ревизија и Управниот одбор, Одборот за именување ја разгледува и му предлага на Надзорниот одбор усвојување на поединечната и колективната оцена за соодветноста пред секое именување на нов член и пред повторно назначување на постоечки член на Управниот одбор и Надзорниот одбор.

Согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во банките и Политиката за оцена на соодветноста на носители на клучни функции во НЛБ Банка АД Скопје, Одборот за именување најмалку еднаш годишно го разгледува составот на Надзорниот одбор и неговите одбори во врска со знаењето, квалификациите, вештините и искуството што членовите поединечно и колективно ќе ги поседуваат за успешно извршување на нивните функции (познати како „профил на одборот").

Во 2025 година, на седници на Одборот за наградување се разгледани, предложени и усвоени два интерни акти и тоа:
- измена и дополнување на Политика за наградување на вработените во НЛБ Банка АД Скопје

(верзија 4.0)
- измена и дополнување на Деловникот за работа на Одбор за наградување а со цел негово усогласување со измените на Политика за наградување на вработените на НЛБ Банка АД Скопје усвоена на Надзорен одбор на 22.10.2025 година.

## V. Соработка помеѓу Надзорниот одбор и Управниот одбор

Во текот на 2025 година Надзорниот одбор и Управниот одбор континуирано остваруваа соработка за одредени прашања во текот на своето работење, особено за:

- Дефинирање на деловните цели на Банката
- Стратегиите за преземање и управување со ризиците
- Профилот на ризичност на Банката
- Политиките за остварување на деловните цели и целите во однос на профилот на ризичност на Банката.

Управниот одбор редовно го информираше Надзорниот одбор за сите активности и промени во работењето коишто се значајни за надлежностите на Надзорниот одбор и тоа:

- промени во управувањето со ризиците;
- промени во солвентната и ликвидносната позиција на Банката и нејзината финансиска состојба;
- надминување на лимитите на изложеност и неусогласеност на работењето со прописите;
- слабости во системот на внатрешна контрола и во начинот на функционирање на функциите на контрола;
- случаи коишто можат да предизвикаат непочитување или неусогласеност со законските или регулаторните барања.

Во текот на 2025 година Надзорниот одбор заедно со Управниот одбор, го утврдуваа прифатливото ниво на ризик, имајќи ги во предвид пазарната конкуренција, регулаторните барања, долгорочните цели на Банката, изложеноста на ризиците и капацитетот за преземање на ризици, што подразбира и усогласеност на прифатливото ниво на ризик со деловната политика, финансискиот план, процесот на утврдување на интерниот капитал и системот за наградување.

## VI. Соработка помеѓу Надзорниот одбор и Законски пропишаните одбори (Одбор за ревизија и Одбор за ризици)

Во текот на 2025 година Надзорниот одбор континуирано остваруваше соработка и со Одборот за ревизија и со Одборот за ризици, посебно од аспект на:

- Работењето на Банката, нејзините производи и услуги;
- оценка на ризиците на кои е изложена Банката;
- утврдување на стратегии за управување со ризици;
- системите за внатрешна контрола и политиките за управување со ризици;
- Сметководство и ревизија.

Одборот за управување со ризици и Одборот за ревизија редовно го известуваат Надзорниот одбор за својата работа на квартална основа.

## VII. Судир на интереси и преземени мерки

Согласно Политиката за судир на интереси и спречување корупција на НЛБ Банка АД Скопје, членот на Надзорен одбор, пред одржување на седницата, веднаш го информира Надзорниот одбор за секоја околност поради која постои или би можело да постои судир на интереси.

Во случај на судир на интереси, членот на Надзорен одбор се иззема од гласање за конкретната одлука, не учествува во дискусијата и разгледувањето на Одлуката и не присуствува при гласањето за истата. Секое иземање од гласање на член на Надзорниот одбор соодветно се констатира во записникот од седницата, заедно со дискусијата водена по конкретната Одлука.

Согласно Политиката, за секое иземање поради судир на интереси, членовите на Надзорниот одбор поднесуваат писмени Изјави за постоење судир на интересите во кои се наведува основот од кој произлегува судирот меѓу личниот интерес и интересот на Банката. Банката на редовна основа согласно законските обрвски ја известува Народната банка за сите добиени изјави за постоење на судир на интерес во рамките на утврдените рокови за известување.

## VIII. Годишна самооценка на Надзорниот одбор

Надзорниот одбор годишно врши самооценка на нивната ефективност, која опфаќа проценка на нивниот состав, потенцијални индивидуални конфликти на интереси, функционирањето на поединечните членови и целиот Надзорен одбор, како и нивната соработка со Управниот одбор.

Целта на самооценувањето е да се подобри ефикасноста и стручноста на Надзорниот одбор во вршењето на супервизијата на Банката во согласност со законските прописи и барања и да се идентификуваат областите кои бараат подобрувања.

По редовната годишна самооценка за 2025 година, работата на поединечните членови и работата на Надзорниот одбор беше целосно оценета како ефикасна, бидејќи навремено и конструктивно одговори на секој предизвик и успешно го надгледуваше работењето на Банката.

## IX. Резултати од поединечна и колективна оцена на соодветноста на членовите на Надзорниот одбор

Согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување на НБРСМ, годишната оценка вклучува индивидуална и колективна оцена на адекватноста на членовите на Надзорниот одбор, како и оцена на сопствената работа од секој член на Надзорниот одбор.

Врз основа на реализираната оцена на адекватност се констатира позитивна оцена за соодветноста на Членовите на Надзорниот одбор за 2025 година.

Скопје, Мај 2026 година

## Годишно собрание на акционери на НЛБ Банка АД Скопје

**Предлог-одлука за одобрување Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор**

Врз основа на член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на НЛБ Банка АД Скопје ја донесе следната:

**Одлука за одобрување Годишен извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година и одобрување на работата на членовите на Надзорен одбор**

1. Се одобрува Годишниот извештај за работењето на Надзорниот одбор на НЛБ Банка во 2025 година со вклучени резултати од поединечна и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година, прилог на оваа одлука;

2. Се одобрува работата на членовите на Надзозорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје во 2025 година, наведени подоле, со поединечни одлуки како што следува:

**Одлука бр--------/1**
Се одобрува работата на Претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак во 2025 година.

**Одлука бр--------/2**
Се одобрува работата на Претседателот на Надзорниот одбор Хедвика Усеник во 2025 година.

**Одлука бр--------/3**
Се одобрува работата на Заменик претседателот на Надзорниот одбор Боштјан Ковач во 2025 година.

**Одлука бр--------/4**
Се одобрува работата на Заменик претседателот на Надзорниот одбор Алеш Ипавец во 2025 година.

**Одлука бр--------/5**
Се одобрува работата на Вториот заменик претседател и Независен член на Надзорниот одбор Зоран Јовановски во 2025 година.

**Одлука бр--------/6**
Се одобрува работата на Членот на Надзорниот одбор Кристина Ковачич Бјелајац во 2025 година.

**Одлука бр--------/7**
Се одобрува работата на Членот на Надзорниот одбор Андреја Стражишар во 2025 година.

**Одлука бр--------/8**
Се одобрува работата на Независниот член на Надзорниот одбор Наташа Пукл во 2025 година.

NLB Banka

3. Одлуката стапува во сила на денот на донесување.

Во Скопје, 28.05.2026 година

Одлуката да се достави до:
- Секретаријат

Претседавач
на Годишно собрание на акционери
на НЛБ Банка АД Скопје

**Образложение**

Согласно член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје, Собранието на акционери го одобрува Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на Банката.

Во Годишниот извештај за работата на Надзорниот одбор на НЛБ Банка АД Скопје, се вклучени и резултатите од поединечната и колективна оцена на работата на членовите на Надзорниот одбор за 2025 година, согласно Одлуката за правилата за добро корпоративно управување во Банка .

Дополнително, согласно член 39 став 1 од Статутот на НЛБ Банка АД Скопје и согласно член 384 став 5 од Законот за трговските друштва, Собранието на акционери ја одобрува работата на сите членови на Надзорниот одбор поединечно.

Собранието на акционери ја одобрува работата на членовите на Надзорен одбор за 2025 година и тоа на :

- Претседателот на Надзорниот одбор Блаж Бродњак;
- Претседателот на Надзорниот одбор Хедвика Усеник;
- Заменик-претседателот на Надзорниот одбор Боштјан Ковач;
- Заменик-претседателот на Надзорниот одбор Алеш Ипавец;
- Независниот член и Втор заменик претседател на Надзорниот одбор Зоран Јовановски;
- Член на Надзорниот одбор Кристина Ковачич Бјелајац;
- Член на Надзорниот одбор Андреја Стражишар;
- Независниот член на Надзорниот одбор Наташа Пукл.

Скопје, мај 2026 година